# Отворени денови на Microsoft Windows '95 и Office for Windows '95

*20.09.'95 четврток додека траеа "Отворени денови на Microsoft Windows '95 и Office for Windows '95" преставниците на Логин Системи: Валентина Димчевска, Венко Глигоров, и Даниел Даниловски ги интерјуиравме за ИнФорма.*

**ИнФорма:** Како Логин Системи ги организира "Отворени денови на Micrsoft" во Скопје и во другите делови од Републикава?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** На 18.09.'95 од 11 часот имаше главна свеченост во просториите на Дом на Армијата каде се промовираше официјалната продажба на Microsoft Windows '95 и Office for Windows '95, потоа (од 13 до 20 часот) на претходно подготвените штандови на трите фирми: USA - MAK Computers, West Computing и UNIMAG Компјутери, на граѓаните им се презентираа новите продукти на Microsoft. Посетеноста според наши проценки беше одлична, имаше над 500 посетители на главната свеченост, а во терминот на отворените презентации (од 13 до 20 часот) имаше од 200 до 300 посетители. Инаку во наредните денови од 19 до 22-ри организираме презентации во Природно научниот музеј двапати дневно од 9 и од 14 часот, каде што посетиелите ќе бидат запознаени со целосната client/server технологија на Microsoft, а главен акцент се дава на Microsoft Windows '95 и Office '95. Организираме и специјални презентации какви што се денешните (четврток 20-ти септември) од 9 на англиски јазик и од 14 часот за студенти. Презентациите ги збогативме и со видео снимката од свеченоста во САД каде главни протагонисти се претседателот на Microsoft Bill Gates и комичарот Jay Leno.

**ИнФорма:** Во светот беше на 24 август. Дали 18-ти септември е официјален ден на продажба на Microsoft Windows '95 во Македонија?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Да. На 18 септември, на корисниците официјално им ги предадовме копиите. Инаку, се планираше 24-ти август да биде официјален ден на промоција за Македонија и за земјите на Источна Европа, но поради подоцното излегување на Пан Европската верзија на Windows '95 кое што се продава на ова подрачје и поради годишните одмори, се одлучи 18-ти септември да биде официјален ден за Македонија. Тоа беше мудар потег бидејќи посетеноста та надмина 1000 посетители што претставува мошне добар показател.

**ИнФорма:** Спомнувате Пан Европска верзија. Дали Windows '95 слично како Windows 3.11 доаѓа во две верзии, онаа за САД и за Источна Европа?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Порано постоеја неколку верзии од коишто корисниците можеа да избираат, американска верзија или источно-европска верзија. Сега, не постои американска верзија. Не само ние, туку сите корисници (како на пример, корисниците од Германија, Турција и др.), користат Пан Европска верзија, која, сега за сега, е американска верзија за Македонија и за другите земји со локална поддршка за кодна страница и тастатура. Пан Европската верзија е погодна за нас поради тоа што е спремна во иднина да обезбеди поддршка на македонска тастатура, која во американската верзија е отежната за имплементација.

**ИнФорма:** Кои се маркантни подобрувања на Windows '95 во однос на претходните верзии на Windows 3.1 и WFW 3.11?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Интересно прашање. Прво: најмаркантен е интерфејсот, којшто обезбедува многу побрзо работење, многу побрза навигација на целиот систем, многу побрзо наоѓање на документите и стартување на апликациите, едноставно поинтуитивно работење, односно побрза работа со компјутерот. Второ: 32 bit-ниот оперативен систем обезбедува поголема заштита, поголема сигурност и нуди платформа за развивање на 32 bit-ни апликации кои што ќе бидат многу помоќни и робустни со подобри перформанси. Трето: Plag & Play, можеби како технологија веќе применлива кај други компјутери (како што е Appel Macintosh), но не можеше да се примени кај персоналните компјутери бидејќи нив не ги произведува една фирма, туку илјадници фирми па не можеше да се воспостави некој стандард. Поради тоа, и Microsoft не беше во можност да ја имплементира таа технологија, но сега кога созреаа овие услови, Microsoft ја имплеметира и таа технологија и практично корисниците ќе можат со вметнување нов уред што е изработен со Plag & Play технологијата, автоматски да се инсталира во компјутерот. Поддршката за мулти медиа е мошне подобрена во однос на стариот Windows. Значи овозможено е гледање видео снимки на целиот екран, а не само во прозор како во претходната верзија, поддржани се некои алгоритми за компресија, како MPEG и слични. Извршувањето на видео снимки станува една од интегралните функции на Windows '95, исто како што завукот стана интегрален дел на Windows 3.1.

**ИнФорма:** Што е направено во Microsoft '95 за комуникациите? Всушност, кои се интегрирани делови на оперативниот систем што овозможуваат пристап на Microsoft Network и Интернет без дополнителни инвестиции?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Има повеќе протоколи што се интегрирани на ниво на оперативен систем, каков што е TCP/IP што не беше вклучен во Windows 3.1 и во WFW 3.11, односно

во Windows 3.1 не беше вклучена ниту поддршката за мрежи, туку требаше дополнително да се инсталира на ниво на DOS. Значи, има 32 bit-ни протоколи, има поддршка за други клиенти, на пример: DECPathWorks LANtastic, BANYAN Wins, ARTISOFT, SunSoft PCNSF, Microsoft LAN Manager, WFW 3.11, Windows NT..., со тоа што треба покрај протоколите производувачите на мрежи да си доставаат други драјвери за редирекција на упитите во соодветните мрежи. Овие 32 bit-ни протоколи обезбедуваат поврзување до Интернет и Microsoft Network. Microsoft Network моментално не може да се користи во Македонија, па дури ни во другите делови на Европа. Тој концепт е подолгорочен и сега за сега е базиран на давање локални услуги и сервиси во локалните земји. На пример, да кажеме ако се наоѓа во Македонија, треба тука да се подобрат комуникациите, треба да повеќе фирми нудат услуги на Microsoft Network за да можат корисниците да се поврзат на Microsoft Network и да ги искористат тие сервиси, ако нема сервиси, нема зошто корисникот да се приклучува, а за американски информации не станува збор бидејќи тие не се актуелни тука (освен некои).

**ИнФорма:** Што е напраено со начинот на запишување на податоци на диск?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Пристапот до дискот е многу забрзан (има 32 bit-ен пристап до дискот), а исто така е овозможено и користење имиња на датоток до 256 карактери. Новиот FAT се вика VFAT и го овозможува овој начин на запишување на податоци. Кеширањето е доста подобрено; има динамички систем на кеширање наречен VCASHE кој, во зависност од потребите на системот, од слободната меморија и опсежноста на работата со дискот, ја прилагодува големината на cashe-от. Исто така, и Swap file-от се прилагодува динамички.

**ИнФорма:** Во што се состои 32 bit-носта на Windows '95 ако се земе предвид дека во WFW 3.11 имаше 32 bit-ен пристап на диск?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** WFW 3.11 беше преодна фаза меѓу Windows 3.1 и Windows '95 во која имаше само 32 bit-ен пристап на дискот додека во Windows '95, 32 bit-носта се гледа и во самите апликации што ќе го носат логото дизајнирани за Windows '95 ќе мораат да бидат креирани со Win 32 API односно Aplication Programing Interface. Ова е збирка од функции што овозможува креирање на 32 bit-ни апликации што ќе работат во посебен адресен простор и во заштитен режим на работа, така што многу потешко ќе може рушењето на една апликација да доведе до рушење на друга и на целиот систем. Тие 32 bit-ни апликации ќе ги овозможуваат сите предности на оперативниот систем, како што се: multi tasking можноста, multi tradeing односно извршување на повеќе работни задачи во рамките на една апликација, така што на пример печатењето на Word 7.0 се одвива комплетно во заднина. Печатењето на некој документ од 80 стр. се извршува за 2 - 3 sec. за разлика од претходните верзии на Windows кога се чекаше печатење страница по страница.

**ИнФорма:** Кои се минималните хардверски побарувања за инсталирање на Windows '95?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Минимална конфигурација е 386DX и со 4MB RAM, но се препорачуваат 8 MB за извршување на повеќе апликации истовремено, а и тоа е минимум за некои апликации кои работат под Windows '95

**ИнФорма:** Што има ново во Microsoft Office '95 во однос на Microsoft Office 4.3?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Пред сè, сите апликации се 32 bit-ни, што значи зголемена брзина во работата, потоа постојат некои новости кои што се сега имплеметирани на ниво на Office на ниво на Апликациите. Исто така, постои нов Microsoft Task Bar кој што се разликува од претходните, постои разлика и во интерфејсот со тоа што изгледот на апликациите е прилагоден на изгледот на Windows '95 и новиот Windows Explorer. Постојат две нови команди: file strater и file open; file open се разликува од претходните. Постојат и нови template-и кои се вградени во сите апликации на Office, нова можност е и Office Binder којшто на некој начин претставува регистар во којшто можат да се сместат документи од различни апликации, од различни извори (како на пример, документи од Word или табели од Exel или презентации од Power Point). Office Binder е направен токму поради барањата на корисниците за поедноставна работа со документи и поедноставно печатење.

**ИнФорма:** Го спомнавте Office Binder. Кои апликации се додадени во Office '95 што ги немаше во претходната верзија на Office?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Пред сè и Office '95 се појавува во две верзии како и претходната верзија на Office, во стандардна верзија и професионална. Стандардната верзија ги содржи: Word for Windows '95, Exel for Windows '95, Power Point for Windows '95 и накрај Microsoft Schedule Plus for Windows '95 -целосна нова апликација којашто за прв пат е вградена во Microsoft Office '95. Професионалната верзија ги содржи сите апликации што ги содржи и стандардната со тоа што има и 32 bit-на верзија на Access for Windows '95. Нивните верзии се означени со верзија 7.0, без разлика која била претходната верзија (што на пример е карактеристично за Schedule Plus кој од верзија 1.0 преминува во верзија 7.0).

**ИнФорма:** Кои се минималните хардверски побарувања на Office '95?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Минималните побарувања на Office '95 се: микропроцесор 386 DX или посилен (се препорачува барем 486), исто така е карактеристична и оперативната меморија, значи потребни се минимум 8MB RAM за истовремена работа на два програми, додека за работа со оперативниот систем Window NT Work Station 3.51 треба да има барем 12 MB RAM со тоа што и овде важи мотото "што повеќе RAM, толку поудобна работа". Само да напоменам дека Microsoft Office for Windows '95 може да се активира од два оперативни системи: Windows '95 и Windows NT Work Station 3.51.

**ИнФорма:** Windows '95 е 32 - bit-ен, такви се и апликациите од Office for Windows '95. Која е наредна 32 bit-на апликација што Microsoft ја подготвува за Windows '95?

**ЛОГИН СИСТЕМИ:** Следниот пакет којшто е најавен и треба да излезе е Microsoft Visual Basic 4.0 којшто потполно ќе ги искористува можностите на Windows '95. Тоа значи ќе може да креира 32 - bit-ни апликации, но сепак поради некоја назадна компатибилност, ќе може да креира и 16 - bit-ни апликации што ќе работат под старите Windows-и.

**ИнФорма:** Ви благодарам од мое лично име и од името на *ИнФорма*.

*Интервјуто го водеше*
*Арменд Салиу*